ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-228/3

Дата: 04.04.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Демократска партија на Албанците – ДПА (во натамошниот текст ДПА) на сметката за редовно работење за 2016 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2016 година изразивме неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи, како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност на сметката за редовното работење на ДПА за 2015 година и изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики изразено е мислење со резерва.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2015 година, при што е утврдено дека од дадените шест препораки само две се делумно спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2016 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби, од кои како позначајни ги истакнуваме следните:

- годишната сметка и годишниот финансиски извештај за 2016 година не се објавени на веб страната на партијата;
- не е обезбеден доказ за начинот на уредување на користење на деловниот простор на седиштето на партијата и за бројот на ограноците;
- не се врши навремено и целосно евидентирање на обврските кон добавувачите во сметководствената евиденција;
- дел од искажаните расходи се без соодветна потрепувачка сметководствена документација;
- извршен е попис на средствата и изворите на средствата на партијата со состојба на ден 31 декември 2016 година кој не е во целост спроведен согласно законската регулатива;
- несоодветно благајничко работење.

За констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање мерки и активности за нивно надминување.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, обелоденети се состојби во врска со присилна наплата на судски извршни решенија за кои е неизвесна нивната вредност и состојба дека партијата не остварува приходи од членарини како извор на финансирање на сметката за редовно работење.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости кои влијаат на работењето на субјектот, а за нивно надминување надлежни се други институции и тоа:

- не се пропишани конкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени и во однос на нивното евидентирање;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти за непрофитните организации;
- не е усогласен образецот на Годишен финансиски извештај со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии, во делот на изворите на финансирање;
- поконкретно не е регулиран начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии, како и на начинот на пренос на средствата од членарина од сметката за редовно работење на сметката за соодветна изборна кампања;
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони;
- не е усогласено Упатството за распределба на средствата од буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 15 до 17 заедно со ревизија на усогласеност на Демократска партија на Албанците - ДПА на сметката за редовно работење, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Демократска партија на Албанците - ДПА за редовното работење за 2015 година и изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики изразено е мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на партијата застапувано од:

- Мендух Тачи, претседател на ДПА.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени

утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 27.11.2017 до 15.12.2017 година кај Демократска партија на Албанците – ДПА на сметката за редовно работење за 2016 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор во 2015 година. Со ревизијата на преземени мерки по дадени препораки се констатира дека состојбите утврдени во конечниот извештај од извршената ревизија за 2015 година се повторуваат и во текот на работењето на партијата за 2016 година, од дадените шест препораки само две се делумно спроведени. (Прилог 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со преставник од партијата - предмет на ревизија одржан на ден 16.01.2018 година.
Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за 2016 година не се објавени на веб страната на политичката партијата, констатирано и со ревизијата за 2015 година, што не е во согласност со член 26 и 27-а од Законот за финансирање на политичките партии и влијае на транспарентноста и можноста за пристап до информации од страна на заинтересираните страни, како и можност за времено губење на правото на годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија согласно член 27-в од истиот закон.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата да преземе мерки за објавување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај на веб страницата на партијата со цел да се обезбеди податоците да бидат достапни на пошироката јавност.

## 4.2. **Финансиски извештаи**

4.2.1. Со увид во сметководствената документација врз основа на која се изработени финансиските извештаи, ревизијата го констатира следното:

- за 2016 година не се презентирани фактури и евидентирани обврски за електрична енергија и за потрошена вода за сите месеци од известувачкиот период за објектот во кој е сместено седиштето на ДПА;
- извршени се исплати во 2016 година за набавена опрема во 2014 година во вредност од 180 илјади денари која претходно не била евидентирана во сметководствената евиденција;
- позицијата деловен фонд не е усогласена со позицијата на материјалните средства во износ од 106 илјади денари.

Наведените состојби не се во согласност со член 2 и 4 од Законот за сметководството на непрофитните организации и влијаат на објективноста и реалноста на искажаните состојби во деловните книги и финансиските извештаи за 2016 година.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата, во координација со одговорното лице за водење на деловните книги да преземат мерки и активности за:

- усогласување на вредноста на постојаните средства со изворите на деловни средства и
- навремено и целосно евидентирање на обврските во сметководствената евиденција.

4.2.2. Согласно статутот на ДПА, партијата се организира според територијалниот принцип во земјата и надвор од неа. Членството е организирано во: подогранок, огранок, заедница на ограноци на градот и центар на ДПА. Со извршениот увид во деловните книги ревизијата утврди дека, партијата не поседува градежни објекти во нејзина сопственост, а за објектот во центарот на Тетово се користи изнајмен објект, согласно склучен договор за закуп за период заклучно со месец септември 2014 година. Објектот и по истекот на перидот за кој е склучен договорот за закуп, се користи како седиште на ДПА, без презентиран акт за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски за користење на наведениот деловен простор и без плаќање на закуп, што не е во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи. Имајќи го предвид фактот дека на ревизијата не и е презентиран акт за вкупниот број и седишта на ограноците на партијата, ревизијата не беше во можност да потврди дали освен наведениот објект, за потребите на партијата се користат и други објекти, за кои треба да се изврши евидентирање и во регистарот на донации, доколку истите се користат без надомест (донација) или да се искажат расходи по основ на закупнина и други расходи, доколку за истите се плаќа надомест.

**Препораки:**

Одговорното лице на партијата да преземе активности за изготвување на:

- акт за бројот и седиштето на ограноците на партијата и
- уредување на начинот на користење на деловниот простор (сопственост/закуп).

4.2.3. Од страна на одговорното лице со Одлука за вршење на попис со состојба 31.12.2016 година и формирани се комисии за извршување на пописот на средствата и обврските. Со извршената ревизија на начинот на извршениот попис го констатиравме следното:

- на пописните листи нема потпис на членовите на комисијата за попис и не е донесен предлог за постапување;
- не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на материјалните средства, ситниот инвентар во употреба и изворите на средства на партијата со состојба на 31 декември 2016 година и не се утврдени причини за појавени отстапувања и
- не е изготвен извештај од пописните комисии.

Горенаведеното не е во согласност со член 16 од Законот за сметководството за непрофитните организации и член 30 од Правилникот за сметководството на непрофитните организации и влијае на реалноста и објективноста на искажаните податоци во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице во партијата да преземе активности за соодветно и законско спроведување попис на средствата и изворите на средствата со состојба на ден 31 декември и нивно усогласување со сметководствената состојба.

4.2.4. Со увид во деловните книги на ДПА и приложената сметководствена документација со која се врши потврдување на искажаните расходи за потрошени материјали и извршени услуги како и искажаните обврски кон добавувачите во вкупен износ од 996 илјади денари, ги констатиравме следните состојби:

- извршени се исплати на добавувач без добиени фактури односно без доказ за извршената услуга или набавка на стоки, во износ од 307 илјади денари;
- извршени се исплата по фактури за изборни активности од 2014 година во вкупен износ од 689 илјади денари, расходи кои треба да бидат платени од изборната сметка.

Наведените состојби не се во согласност со член 9 од Законот за финансирање на политичките партии, член 10 од Законот за сметководство за непрофитни организации и член 13 од Правилникот за сметководството на непрофитни организации и влијаат на реалноста и објективноста на искажаните расходи во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за користење на средствата на партијата исклучиво за целите на партијата утврдени со закон, статут или други акти на партијата и обезбедување на соодветна поткрепувачка документација како доказ дека стоките се примени или услугите се извршени.

4.2.5. Со ревизија на финансиските извештаи на ДПА за 2015 година ревизијата констатира дека не се изготвувала комплетна документација за прометот во благајната и не е извршен попис на паричните средствата со состојба на 31 декември.

Со извршената ревизија за 2016 година констатиравме дека не е воспоставено благајничко работење. Врз основа на извршениот попис во благајната донесена е Одлука[1] од одговорното лице на ДПА, со која извршен е отпис на паричните средства од благајната во вкупен износ од 5.280 илјади денари, од кои 2.829 илјади денари претставува салдо пренесено од претходната 2015 година и подигнатите парични средства во текот на 2016 година во износ од 2.451 илјади денари.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 9 од Законот за финансирање на политичките партии, член 10 од Законот за сметководството за непрофитни организации, член 20 од Законот за платниот промет и 13 од Правилникот за сметководството на непрофитни организации.

Во текот на ревизијата врз основа на Одлука на претседателот на ДПА за задолжување за поврат на средствата во благајната, спроведени се корекции во сметководствената евиденција, со што се евидентирани побарувања по наведенит основ.

На ден 14.02.2018 година од страна на овластеното лице на политичката партија ДПА, уплатени се подигнатите парични средства од 2016 година во износ од 2.451 илјади денари.

**Препорака:**

Одговорното лице на партијата да преземе активности за воспоставување на благајничко работење, назначување на лице за располагање со паричните средства во благајна и водење на благајничка евиденција врз основа на уредна, ажурна и веродостојна документација, како и имплементација на донесената одлука.

[1] Одлука за отпис и расходување на средствата во благајна сопственост на ДПА, број 07-2/1 од 31.12.2016 година

**Основ за изразување на мислење**

Поради ефектите од изнесените состојби кои се однесува на: необјавување на Годишна сметка и годишен финансиски извештај, неуредување на начинот на користење на деловниот простор, отсуство на поткрепувачка документација за искажаните расходи, неспроведување попис на средствата и изворите на средствата согласно законските прописи, несоодветно благајничко работење, влијаат на искажаното мислење.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финанските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Демократската партија на Албанците на ден 31.12.2016 година како и резултатите на финансиските активности на сметката за редовно работење за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.2., активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на сметката за редовно работење на Демократска партија на Албанците, во сите материјални аспекти не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Ревизијата има обврска да истакне дека политичката партија ДПА се соочува со исплата на средства врз основа на присилна наплата. Во 2016 година исплатени се расходи за потрошена електрична енергија од минати години врз основа на извршни судски решенија во вкупен износ од 457 илјади денари. ДПА обврските за потрошена електрична енергија задоцнето ги плаќа, се до поведување на судска постапка, што создава дополнителни расходи за камати, судски трошоци, извршителски и нотарски услуги, за кои по овој основ исплатени се дополнителни расходи во износ од 204 илјади денари, состојба констатирана и во претходните години.

По основ на правосилни судски извршни решенија за не измирени обврски исплатени се средства на осигурителна компанија во износ од 140 илјади денари за направената штета. За поведените судски и извршни постапки по неизмирени обврски во партијата не постои евиденција, поради што вкупната вредност на утужени и неплатени обврски на партијата е неизвесна, што може

да влијае на понатамошното работење на партијата.

6.2. Во член 13, став 1, алинеа 1 и член 14 од Законот за финансирање на политичките партии, наведени се приватните извори на финансирање на политичките партии, помеѓу кои и финансирањето по основ на членарина. Под членарина се подразбира редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно член 69 од Статутот на ДПА, партијата својата активност, помеѓу другото ја финансира и од членарина од своите членови и која согласно членот 12 од Статутот е пропишана како обврска за плаќање од членовите на ДПА. Со увид во документацијата ревизијата утврди дека во пракса овие одредби од Статутот не се применуваат, односно не се уплаќа членарина. Ненаплатувањето на чланарината како извор на финансирање предизвикува намалени приходи на партијата и ограничување во извршувањето на нејзините активности.

6.3. Во текот на ревизијата од страна на ДПА прифатени се и спроведени се корекции дадени од страна на ревизијата, кои предизвикаа промени во активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба во вкупен износ од 6.671 илјади денари, спроведени во налогот за книжење број 013/17 од 18.12.2017 година. Спроведените корекции на секоја позиција одделно прикажани се во делот Образложенија кон финансиските извештаи.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации[2] признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, што значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост.

Согласно наведениот член, приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно и постапувањето при евидентирањето на истите кај политичките партии е еднообразно, додека под критериумот расположливост на приходите во пресметковниот период се подразбира дека приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Исто така во однос на расходите е регулирано дека расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[2] „Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 17/2011 и 154/15

Примената на критериумот расположливост на приходите, како и признавањето на расходите, во пракса создава потешкотии при сметководственото евидентирање на трансакциите во деловните книги на партиите, како и разновидност во постапувањето при евидентирањето на истите.

Ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, како и во однос на нивното евидентирање или да се преземат мерки за законско доуредување.

7.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во член 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации и член 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации[3] уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции“. Врз основа на наведените закони, донесени се подзаконски акти за унифицирано воспоставување на сметководствената евиденција кај непрофитните организации и билансни обрасци:

- Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[4] и
- Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[5].

Со извршениот увид во наведените акти ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа”.

За надминување на утврдената состојба, надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

7.3. Согласно член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, утврдени се приватните извори од кои може да се врши финансирање на политичките партии. Истовремено, во Правилникот за образецот, формата, содржината и начинот на водење на Годишниот финансиски извештај за политичките партии

[3] „Службен весник на Република Македонија„ број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011
[4] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005, 11/2006
[5] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005

(„Службен весник на Република Македонија„ број 21/2013), во точка 39 од пропишаниот образец на Годишниот финансиски извештај предвидена е позиција за расходи за камати на кредити и заеми, кои како извор на финансирање на политичките партии не е предвиден во горенаведениот закон.
Ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да преземат активности за усогласување на подзаконските акти со изворите на финансирање на партиите предвидени со важечката законска регулатива.

7.4. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, членарината е предвидена како дел од приватни извори на финансирање на политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата, кој износ поединечно по член, согласно член 14 од истиот закон, за период од една година не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во РМ објавена од Државниот завод за Статистика. Приходите од членарина кај дел од партиите, се регулирани со интерни акти каде се пропишани висината на членарината, начинот на плаќање и уплата, како и начинот на нивното евидентирање, кои се разликуваат кај одделните партии.
Заради воедначено постапување кај сите политички субјекти, ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата, евидентирање, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно и пренос на истите на сметката за изборна кампања.

7.5. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии[6] вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија” број 57/2007 и 60/2007. Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии[7], вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија” број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од

[6] „Службен весник на Република Македонија„ број 76/2004, 5/2007, 8/2007, 5/2008 и 23/2013
[7] „Службен весник на Република Македонија„ број 76/2004, 86/2008, 161/2008, 96/2009, 148/2011, 142/2012, 23/2013

извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на горенаведените законски акти.

7.6. Согласно член 8, 9 и 10 од Законот за финансирање на политички партии утврден е начинот на редовно годишно финансирање од Буџетот на РМ. Средствата во утврдениот износ, почнувајќи од 2011 година за секоја фискална година се планираат во разделот на Министерството за правда. За трансферот на средствата Министерството за правда изработува поединечни Решенија кои ги доставува до политичките партии.

За потребите на годишното финансирање на политичките партии, донесено е Упатство[8] со кое како надлежен одговорен орган за пресметка и распределба на средствата е утврдено Министерството за финансии. Упатството не е усогласено со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии во кој со измените од 2011 година како надлежен орган за планирање, пресметка, носење решение и трансфер на средствата за годишно финансирање на политичките партии е Министерството за правда.

Горенаведеното укажува дека има потреба надлежните органи да извршат усогласување на Упатството како подзаконски акт со Законот за финансирање на политичките партии со цел попрецизно регулирање на начинот на финансирање на политичките партии од Буџетот на РМ.

[8] Упатство за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија„ број 59/05, 73/07, 52/10 и Одлука на Уставен суд У.бр.16/2011 од 21.09.2011 година објавена во „Службен весник на Република Македонија„ број 132/2011)

## ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики | 1 | 1 |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 6.757 | 6.293 |
| Вонредни приходи | 792 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **7.550** | **6.294** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги, амортизација | 3.929 | 3.086 |
| Други расходи | 928 | 532 |
| Капитални и други средства | 219 | 0 |
| Плати и надоместоци на плати | 315 | 315 |
| Вонредни расходи | 5.501 | - |
| **Вкупно расходи** | **10.892** | **3.933** |
| **Непокриени расходи загуба/ Нераспределен дел од вишокот на приходи** | **-3.342** | **2.361** |

## ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2016

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и АВР** | | |
| Парични средства | 1.806 | 5.948 |
| Побарувања | 5.280 | |
| Активни временски разграничувања | 376 | 1.443 |
| **Вкупно тековни средства** | **7.462** | **7.391** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 1.305 | 1.137 |
| **Вкупно постојани средства** | **1.305** | **1.137** |
| **Непокриени расходи** | 3.342 | |
| **Вкупна актива** | **12.109** | **8.528** |
| **Пасива** | | |
| **Краторочни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 421 | 1.316 |
| Пасивни временски разграничувања | 5.280 | |
| **Вкупно тековни обврски** | **5.701** | **1.316** |
| Нераспределен дел од вишокот на приходите - добивка | 2.324 | 2.324 |
| **Извори на средства** | | |
| Резервен фонд | 2.885 | 4.814 |
| Деловен фонд | 1.199 | 74 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **6.408** | **7.212** |
| **Вкупна пасива** | **12.109** | **8.528** |

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2016 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Деловен фонд | Нераспореден дел од вишокот на приходи | резервен фонд | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Состојба 01.01.2016 година** | **74** | **2.324** | **4.814** | **7.212** |
| | | | | - |
| **Зголемување по основ на:** | **1.137** | - | - | **1.137** |
| Набавки во текот на годината | | - | | - |
| Резерви на 31.12.16 | | - | | - |
| Нераспределен дел на вишокот за 2016 | | - | | - |
| Корекции по ревизија | **1.137** | | | **1.137** |
| **Намалување по основ на:** | **12** | - | **1.929** | **1.941** |
| | | | | - |
| Отпис на опрема | 12 | | 1.137 | **1.149** |
| Отпис на обврски | | | 792 | 792 |
| **Состојба 31.12.2016 година** | **1.199** | **2.324** | **2.885** | **6.408** |